**20221992782**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), а во врска со член 45-а од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 септември 2022 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СТРУКТУРА ЗА ПРЕГОВОРИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Предмет**

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува Структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (во натамошниот текст: Структурата за преговори) и се утврдува нејзиниот состав, како и работите и задачите кои ќе ги врши истата.

**Структура за преговори**

Член 2

Структурата за преговори ја сочинуваат:

1) Главен преговарач за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (во натамошниот текст: Главниот преговарач),

2) Заменик на главниот преговарач за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (во понатамошниот текст: Заменик на главниот преговарач),

3) Тела формирани со оваа одлука, и тоа:

- Комитет за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (во натамошниот текст: Комитетот за преговори);
- Државна делегација за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (во натамошниот текст: Државната делегација);
- Група за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (во натамошниот текст: Групата за преговори);

Работен комитет за европска интеграција (во натамошниот текст: Работниот комитет);

- Работни групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (во натамошниот текст: Работните групи),

4) Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел и

5) Секретаријат за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (во натамошниот текст: Секретаријат за преговори).

**Главен преговарач**

Член 3

(1) Главен преговарач е заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, кој е одговорен пред претседателот на Владата на Република Северна Македонија за непосредно водење на преговорите по сите кластери, области и поглавја.

(2) Главниот преговарач е шеф на Групата за преговори и раководи со нејзината работа и е заменик шеф на Државната делегација.

(3) Главниот преговарач:

- ги координира задачите на работните групи поврзани со пристапните преговори во одделни кластери, области и поглавја;
- ја координира работата на работните групи при подготовката на аналитичкиот преглед и оценката за степенот на усогласеност на националното законодавство со правото на Европската Унија;
- координира со изработката и ги одобрува извештаите за спроведување на аналитичкиот преглед и оценката за степенот на усогласеност на националното законодавство со правото на Европската Унија;
- координира со изработката и ги одобрува извештаите за текот на пристапните преговори, вклучително и исполнувањето на одредниците утврдени од страна на Советот на Европската Унија за отворање на кластерите, времените одредници, одредниците за затворање на поглавјата и одредниците за затворање на кластерот Фундаментални вредности;
- координира со подготовката и одобрува мислења, ставови и анализи поврзани со пристапните преговори;
- ги утврдува потребните материјали за Државната делегација, а ги одобрува изработените материјали од Групата за преговори;
- остварува комуникација во име на Структурата за преговори на оперативно ниво со претставниците во институциите и преговарачите на Европската Унија;
- остварува координација и дистрибуција на релевантни материјали и документи во преговарачкиот процес двонасочно, помеѓу Групата за преговори од едната страна и структурата за преговори на Европската комисија од другата страна; и
- го известува Собранието на Република Северна Македонија на квартално ниво за текот на преговорите и за утврдените преговарачки позиции, во текот на преговорите.

(4) Заменик на главниот преговарач е државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања, кој го заменува во случај на негово отсуство или спреченост.

(5) Главниот преговарач остварува комуникација со:

- претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
- органите на државната управа и други државни органи и институции;
- институциите на Европската Унија;
- институциите на државите членки на Европската Унија во процесот на пристапување;
- деловната заедница, стопанските комори, синдикатите, академската заедница и граѓанското општество; и
- други засегнати страни.

(6) Главниот преговарач, а по претходно добиена согласност од главниот преговарач, и заменикот на главниот преговарач и членовите на Групата за преговори, ја информираат јавноста за активностите и постигнатите резултати поврзани со преговорите за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Комитет за преговори**

Член 4

(1) Комитетот за преговори е највисокото работно тело на Владата на Република Северна Македонија за координација на процесот на преговори за пристапување во Европската Унија.

(2) Комитетот за преговори ги разгледува и ги утврдува предлог – преговарачките позиции на Република Северна Македонија пред нивното усвојување од страна на Владата на Република Северна Македонија, при што расправа и зазема став за најважните прашања поврзани со преговорите, вклучително и исполнувањето на одредниците утврдени од Советот на Европската Унија за отворање на кластерите, времените одредници, одредниците за затворање на поглавјата и одредниците за затворање на кластерот Фундаментални вредности, како и за динамиката на преговорите, роковите за хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија, како и потребните финансиски средства за исполнување на преземените обврски со преговорите и за обезбедување на капацитетите за доследна примена на европското законодавство во Република Северна Македонија.

(3) Комитетот за преговори го сочинуваат:

1. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
2. Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања како главен преговарач;
3. Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците;
4. Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење;
5. Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции;
6. Министерот за надворешни работи;
7. Министерот за финансии и
8. Државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања.

(4) По потреба, во работата на Комитетот за преговори учествуваат и други членови на Владата на Република Северна Македонија, членови на другите тела на Структурата за преговори од член 2 точка 3) од оваа одлука, како и претставници на релевантни општествени чинители за кои, на предлог на главниот преговарач, одлучува претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

(5) Со Комитетот за преговори претседава претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а во случај на негова спреченост или отсуство го заменува главниот преговарач.

(6) Комитетот за преговори се состанува најмалку еднаш пред одржување на секоја Меѓувладина конференција за преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија или состанок на Советот за стабилизација и асоцијација.

(7) Предлог за свикување на состанок на Комитетот за преговори може да даде кој било член на Комитетот за преговори.

(8) Комитетот за преговори има секретар, кој на предлог на главниот преговарач се назначува од страна на Владата на Република Северна Македонија.

(9) За својата работа Комитетот за преговори ја информира Владата на Република Северна Македонија, на првата наредна седница на Владата по одржувањето на неговиот состанок.

**Државна делегација**

Член 5

(1) Државната делегација ги презентира официјалните преговарачки позиции на Меѓувладината конференција за преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија.

(2) Државната делегација ја сочинуваат:

1. Министерот за надворешни работи – шеф на Државната делегација;
2. Главен преговарач – заменик шеф на Државната делегација;
3. Заменикот на главниот преговарач;
4. Шефот на Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел.

(3) По потреба, во работата на Државната делегација учествуваат и други членови на Владата на Република Северна Македонија, членови на другите тела од Структурата за преговори од член 2 став 3) од оваа одлука, како и претставници на релевантни општествени чинители за што, по предлог на главниот преговарач, одлучува Владата на Република Северна Македонија.

(4) Шефот на Државната делегација ја предводи Делегацијата и во координација со главниот преговарач ја претставува Република Северна Македонија на Меѓувладината конференција за преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија.

(5) Во случај на отсуство или спреченост на шефот на Делегацијата да учествува на Меѓувладината конференција за преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, главниот преговарач како заменик на шефот на делегацијата го заменува шефот на Државната делегација.

(6) За секоја одржана Меѓувладина конференција за преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, Државната делегација поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна 15 дена по завршувањето на Конференцијата, како и посебен детален извештај по претходно добиено барање на Владата Република Северна Македонија.

(7) Административно–стручна поддршка на Државната делегација обезбедува Секретаријатот за европски прашања во соработка со Министерството за надворешни работи.

(8) Државната делегација има секретар, кој од редот на раководните административни државни службеници од Секретаријатот за европски прашања, го назначува главниот преговарач.

**Група за преговори**

Член 6

(1) Групата за преговори е највисокото стручно тело на Владата на Република Северна Македонија за координација со институциите и подготовка на предлог преговарачките позиции по кластери, области и поглавја во сите фази на преговорите.

(2) Членовите на Групата за преговори ја следат работата на работните групи врз основа на добиените насоки од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања, ги дефинираат предлог преговарачките позиции и ги доставуваат до главниот преговарач, кој ги предлага за утврдување на Комитетот за преговори и ги доставува на усвојување од страна на Владата на Република Северна Македонија.

(3) Главниот преговарач и Групата за преговори ги вршат работите од ставовите (1) и (2) на овој член, во согласност со Преговарачката рамка на Европската Унија и насоките за дефинирање на преговарачките позиции усвоени од страна на Владата на Република Северна Македонија, за секоја средба на Меѓувладината конференција.

(4) Групата за преговори донесува Деловник за работа, во соработка со Секретаријатот за европски прашања.

(5) За својата работа членовите на Групата за преговори одговараат пред Владата на Република Северна Македонија, а членовите на Групата за преговори од член 7 став (1) алинеи 2-9 од оваа одлука, одговараат и пред главниот преговарач.

(6) Групата за преговори доставува до Владата на Република Северна Македонија редовни извештаи на месечно ниво за својата работа, извештаи за статусот на преговорите и за прашања поврзани со пристапните преговори, вонреден извештај или информација за одредени суштински и системски прашања од преговорите, како и годишен извештај најдоцна до истекот на првиот квартал во годината што следува, за претходната година.

Член 7

(1) Групата за преговори ја сочинуваат:

- главниот преговарач,
- заменикот на главниот преговарач,
- советник за пристапни преговори,
- членовите задолжени за одредени кластери, области и поглавја од преговорите,
- главен економист,
- главен правник,
- главен анти-корупционер,
- шефот на Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел,
- директорот на Директоратот за ЕУ од Министерството за надворешни работи и
- претставник од Министерството за финансии.

(2) Со Групата за преговори раководи главниот преговарач, а во случај на негово отсуство или спреченост го заменува заменикот на главниот преговарач.

(3) Групата за преговори, на предлог на главниот преговарач, се назначува од страна на Владата на Република Северна Македонија.

(4) Советникот за пристапни преговори е од редот на државните советници во Секретаријатот за европски прашања задолжен за поддршка во координацијата на Групата за преговори.

(5) Главниот економист е задолжен за хоризонтална координација на сите аспекти од пристапните преговори поврзани со економските политики и соодветните поглавја кои имаат врска со нив.

(6) Главниот правник е задолжен за следење, координација и стручни мислења за сите акти од правен аспект во целиот процес на преговори, како и документирање на процесот на преговори, а одговорен е и за оформување и континуирано ажурирање на содржината на нацрт Пристапниот договор во целина.

(7) Главниот анти-корупционер е задолжен за хоризонтална координација и следење на политиките и резултатите во борбата против корупција и спречување на судир на интереси во сите кластери, области и поглавја во текот на пристапните преговори.

(8) Групата за преговори има секретар, кој од редот на раководните административни државни службеници во Секретаријатот за европски прашања, го назначува главниот преговарач.

(9) Секретаријатот за европски прашања обезбедува стручна и административно - техничка поддршка на Групата за преговори, вклучително и на главниот економист, главниот правник и главниот анти-корупционер.

(10) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на главниот преговарач, може да назначи советодавни и стручни лица за одредена област, домашни и меѓународни, како поддршка на структурата за преговори.

(11) Во исклучителни случаи кога расположливиот капацитет на администрацијата не може да одговори на бараното ниво на квалитет, а со цел да се решат одредени суштински и системски прашања кои се однесуваат на задачите на Групата за преговори, главниот преговарач може да ангажира стручни лица кои поседуваат искуство и стручност за соодветните прашања поврзани со преговорите и заедничките политики на Европската Унија.

**Работен комитет**

Член 8

(1) Работниот комитет е тело на Владата на Република Северна Македонија за координација на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија и за координација на активностите поврзани со преговорите за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

(2) Задачи на Работниот комитет се:

- следење на процесот на пристапни преговори, процесот на координација на подготовките на преговарачките позиции и исполнувањето на дефинираните одредници утврдени од Советот на Европската Унија за отворање на кластерите, времените одредници, одредниците за затворање на поглавјата и одредниците за затворање на кластерот Фундаментални вредности, како и динамиката на преговорите, роковите за хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија;
- следење на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и сите други договори и други правни акти кои ги регулираат односите помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија;
- следење и координирање на работењето на сите поткомитети и Специјалната група за реформа на јавната администрација, формирани во состав на Комитетот за стабилизација и асоцијација;
- следење, координирање и синхронизирање на работењето на работните групи при подготовката на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (во натамошниот текст: НПАА);
- утврдување на потребите и координирање на приоритетите во процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија на македонски јазик, синхронизирано со динамиката на процесот на пристапните преговори;
- следење на реализацијата на вкупната финансиска соработка на Република Северна Македонија со Европската Унија и билатералната и мултилатералната помош и
- следење на сите други прашања поврзани со процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 9

(1) Работниот комитет го сочинуваат претседател, негов заменик и членови.

(2) Претседател на Работниот комитет е заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, а во случај на негово отсуство или спреченост, во неговото работење го заменува државниот секретар на Секретаријатот за европски прашања.

(3) Членови на Работниот комитет се државните секретари од сите министерства, државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања и претседавач на Комитетот за стабилизација и асоцијација, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, секретарот на Секретаријатот за законодавство, како и членовите на Групата за преговори.

(4) Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања назначува секретар на Работниот комитет од редот на административните државни службеници во Секретаријатот за европски прашања.

(5) Во работата на Работниот комитет учествуваат и копретседавачите на поткомитетите за стабилизација и асоцијација и Специјалната група за реформа на јавната администрација, како и секретарот на Советот за стабилизација и асоцијација.

(6) Во работата на Работниот комитет може да учествуваат и претставници на министерствата и другите органи на државната управа, други државни органи, како и други лица, за што одлучува претседателот на Работниот комитет, а во негово отсуство или спреченост, заменикот на претседателот на Работниот комитет.

(7) Административно – стручна поддршка на Работниот комитет обезбедува Секретаријатот за европски прашања.

Член 10

(1) Работниот комитет одржува редовни месечни седници, а по потреба и почесто.

(2) За работата од секоја седница на Работниот комитет, вклучително и за сите заклучоци и отворени прашања, претседателот на Работниот комитет ја информира Владата на Република Северна Македонија на првата наредна седница.

(3)Работата на Работниот комитет поблиску се уредува со Деловник за работа кој го донесува Работниот комитет, на предлог на Секретаријатот за европски прашања.

**Работни групи**

Член 11

Работните групи како помошни тела на Работниот комитет, согласно насоките од Секретаријатот за европски прашања:

- учествуваат во подготовка на аналитичкиот преглед и оценка на степенот на усогласеност на законодавството на Република Северна Македонија со правото на Европската Унија;

- ги подготвуваат нацрт-преговарачките позиции на Република Северна Македонија во соработка со членовите на Групата за преговори, вклучително и за дефинираните одредници утврдени од Советот на Европската Унија за отворање на кластерите, времените одредници, одредниците за затворање на поглавјата и одредниците за затворање на кластерот Фундаментални вредности;

- подготвуваат прилози кон работната верзија на НПАА;

- го следат спроведувањето и редовно го ажурираат делот кој се однесува на кластерот, областа и поглавјето за кое се надлежни, како и приоритетите за користење на странска помош;

- даваат препораки за динамиката на усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија;

- го следат спроведувањето на преземените обврски од процесите за асоцијација и пристапување во Европската Унија и поднесуваат извештаи до Работниот комитет;

- прават проценка на потребните ресурси (човечки, материјални, технички и др.) за градење на капацитетите за спроведување на преземените обврски од преговорите;

- ги планираат активностите и определуваат предлог-приоритети за усогласување и подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија на македонски јазик и

- вршат и други работи во рамки на процесот на пристапување во Европската Унија, по насока на Секретаријатот за европски прашања.

Член 12

(1) За секоја област и поглавје за преговори се образува посебна работна група, кои се групираат во шест кластери, согласно Методологијата за преговори на Европската комисија, прифатена од Советот на Европската Унија во март 2020 година.

(2) За административните капацитети и критериуми за пристапување во Европската Унија се образува посебна работна група.

(3) За стручна консултација за терминологијата за правото на Европската Унија се образува посебна работна група.

(4) За работните групи од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, се определува институција носител на ниво на кластер, област и поглавје од која се определува раководителот на работната група.

(5) За секоја работна група на ниво на кластер, област и поглавје, се предлага институција носител од чии редови се определува одговорното лице по подрачје.

Член 13

Се формираат следните работни групи за кластери, области и поглавја, и тоа:

1) Работна група за Кластер Фундаментални вредности, координирана од заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и главен преговарач, а во кој се групирани следните области и поглавја:

- Работна група за Владеење на правото која ги опфаќа Работна група за Поглавјето 23-Правосудство и фундаментални права и Работна група за Поглавјето 24-Правда слобода и безбедност,
- Работна група за областа Економски критериуми,
- Работна група за областа Функционирање на демократските институции,
- Работна група за областа Реформа на јавната администрација,
- Работна група за Поглавјето 5-Јавни набавки,
- Работна група за Поглавјето 18-Статистика, и
- Работна група за Поглавјето 32-Финансиска контрола;

2) Работна група за Кластер Внатрешен пазар координирана од заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во кој се групирани следните поглавја:

- Работна група за Поглавјето 1– Слободно движење на стоки,
- Работна група за Поглавјето 2 – Слобода на движење на работници,
- Работна група за Поглавјето 3 – Право на основање и слобода на давање услуги,
- Работна група за Поглавјето 4 – Слободно движење на капитал,
- Работна група за Поглавјето 6 – Право на трговски друштва,
- Работна група за Поглавјето 7 – Право на интелектуална сопственост,
- Работна група за Поглавјето 8 – Политика на конкуренција,
- Работна група за Поглавјето 9 – Финансиски услуги и
- Работна група за Поглавјето 28 – Заштита на потрошувачи и јавно здравје;

3) Работна група за Кластер Конкурентност и инклузивен раст координирана од министерот за финансии, во кој се групирани следните поглавја:

- Работна група за Поглавјето 10 – Информатичко општество и медиуми,
- Работна група за Поглавјето 16 – Оданочување,
- Работна група за Поглавјето 17 – Економска и монетарна политика,
- Работна група за Поглавјето 19 – Социјална политика и вработување,
- Работна група за Поглавјето 20 – Претпријатија и индустриска политика,

- Работна група за Поглавјето 25 – Наука и истражување,
- Работна група за Поглавјето 26 – Образование и култура и
- Работна група за Поглавјето 29 – Царинска унија;

4) Работна група за Кластер Зелена агенда и одржлива поврзаност, координирана од министерот за животна средина и просторно планирање, во кој се групирани следните поглавја:

- Работна група за Поглавјето 14 – Транспортна политика,
- Работна група за Поглавјето 15 – Енергија,
- Работна група за Поглавјето 21 – Трансевропски мрежи и
- Работна група за Поглавјето 27 – Животна средина и климатски промени;

5) Работна група за Кластер Ресурси, земјоделство и кохезија координирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во кој се групирани следните поглавја:

- Работна група за Поглавјето 11 – Земјоделство и рурален развој,
- Работна група за Поглавјето 12 – Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика,
- Работна група за Поглавјето 13 – Рибарство,
- Работна група за Поглавјето 22 – Регионална политика и координација на структурни инструменти и
- Работна група за Поглавјето 33 – Финансиски и буџетски одредби;

6) Работна група за Кластер Надворешни односи координирана од министерот за надворешни работи, во кој се групирани следните поглавја:

- Работна група за Поглавјето 30 – Надворешни односи и
- Работна група за Поглавјето 31 – Надворешна, безбедносна и одбранбена политика.

Член 14

(1) Институциите чии претставници се дел од работните групи од член 13 од оваа одлука, на предлог на главниот преговарач, се определуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија.

(2) Претставниците на институциите од став (1) на овој член, во работните групи, за кластерите, областите и поглавјата се назначуваат од страна на главниот преговарач, во соработка со членовите на Владата на Република Северна Македонија кои координираат со соодветниот кластер.

Член 15

(1) Работните групи за област и поглавје ги сочинуваат:

- раководител на работната група, определен согласно член 14 став (2) од оваа Одлука;
- заменик на раководителот на работната група, определен согласно член 14 став (2) од оваа одлука;
- координатор од Секретаријатот за европски прашања, определен од страна на главниот преговарач;
- член на Групата за преговори задолжен за кластер, определен од страна на главниот преговарач и
- членови, определени согласно член 14 став (2) од оваа одлука.

(2) Во сите работни групи членуваат претставници на Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии и Државниот завод за статистика.

(3) Членовите на работните групи можат да бидат претставници на министерствата и другите органи на државната управа и управни организации, службите на Владата на Република Северна Македонија, други државни органи, правните лица на кои им е доверено вршење на јавни овластувања, регулаторните тела, правосудните органи и единиците на локалната самоуправа.

(4) Претставници на синдикатите, академската заедница и граѓанското општество, деловната заедница и стопанските комори, како и други засегнати страни може да учествуваат во работата на работните групи, за што одлучува главниот преговарач.

(5) Начинот на учество на субјектите од став (4) на овој член, на предлог на главниот преговарач, се определува од страна на Владата на Република Северна Македонија.

(6) Работата на работните групи за кластер, област и поглавје поблиску се уредува со Деловник за работа кој го донесува работната група, на предлог на главниот преговарач.

Член 16

Главниот преговарач, во консултација со раководителот на работната група поканува претставници на синдикатите, академската заедница и граѓанското општество, деловната заедница и стопанските комори, како и други засегнати лица да земат учество во работата на работните групи.

Член 17

(1) Раководителот на работната група раководи со нејзината работа согласно насоките од главниот преговарач.

(2) Раководителот на работната група за својата работа одговара пред Владата на Република Северна Македонија, пред главниот преговарач и пред раководното лице на институцијата каде е вработен.

(3) Заменик раководителот на работната група и сите членови на работната група, за својата работа му одговараат на раководителот на работната група и на раководното лице на институцијата каде се вработени.

(4) Доколку раководителот на работната група не е задоволен од работата на кој било член на работната група, може да предложи негова замена на главниот преговарач.

(5) Раководителот, заменикот на раководителот, координаторот и членовите на работната група навремено ги известуваат нивните надредени за своите активности во работната група, се консултираат во рамките на својата институција за активностите на работната група и остваруваат потребна соработка со сите релевантни институции.

(6) Раководителот, заменикот на раководителот, координаторот и членовите на работната група во својата работа ги почитуваат принципите на тајност, доверливост, заштита на личните податоци и соодветно постапување со информации класифицирани со соодветен степен на тајност согласно прописите за класифицирани информации.

(7) Координаторот од Секретаријатот за европски прашања, во секоја работна група има задача да:

- ги координира методолошките и процесните аспекти од работата на работната група и да врши координација со останатите тела на Структурата за преговори;
- ја следи и координира работата на работната група и да обезбеди следење на насоките за извршувањето на нејзините задачи;
- пренесува насоки од главниот преговарач за извршување на задачите, временската рамка и методологијата за подготовка на НПАА;
- врши контрола на квалитетот на материјалите кои се подготвуваат во рамки на работната група;

- дава мислење во врска со усогласеноста на приоритетите на НПАА со приоритетите дадени од Европската комисија, како и со националните стратешки документи;
- дава препораки за програмирање на донаторската помош и да ја следи усогласеноста на приоритетите во проектите со приоритетите од пристапниот процес и
- ја чува целокупната документација подготвена од страна на работната група во електронска форма, согласно процедурите за чување утврдени од страна на Секретаријатот за европски прашања.

**Мисија на Република Северна Македонија п**
**ри Европската Унија во Брисел**

Член 18

(1) При водењето на преговорите за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел има задача да:
- остварува комуникација за Структурата на оперативно ниво со претставниците во институциите и преговарачите на Европската Унија;
- остварува координација и дистрибуцијата на релевантни материјали и документи во преговарачкиот процес двонасочно, помеѓу главниот преговарач од едната страна и преговарачката структура на Европската комисија од другата страна и
- извршува други задачи на барање на главниот преговарач.

(2) На главниот преговарач, заменикот на главниот преговарач и членовите на Групата за преговори по препорака на главниот преговарач, кои своите должности ги извршуваат делумно и во Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел, во координација со Владата на Република Северна Македонија и министерот за надворешни работи, им се утврдува соодветен дипломатски статус со цел непречено извршување на работните задачи.

(3) За координирање на активностите на Мисијата поврзани со секторските политики на Европската Унија и процесот на преговори за членство во Европската Унија, на предлог на Главниот преговарач, од редот на упатените раководни административни државни службеници од Секретаријатот за европски прашања, Владата на Република Северна Македонија именува Координатор за секторски политики на Европската Унија во Мисијата.

(4) Работните задачи од делокругот на секторските политики на Европската Унија се извршуваат од дипломати од Министерството за надворешни работи, административни државни службеници од Секретаријатот за европски прашања и административни државни службеници од државни органи и други органи на државната управа упатени на работа во Мисијата.

**Секретаријат за преговори**

Член 19

Секретаријатот за европски прашања ги извршува задачите како Секретаријат за преговори, а по потреба врши и други работи поврзани со пристапните преговори кои ќе му ги довери главниот преговарач.

Член 20

Секретаријатот за преговори има задача да:
- обезбедува административно - стручна поддршка во работата на главниот преговарач и заменикот на главниот преговарач, како и на членовите на Групата за преговори;

- ја следи и координира работата на работните групи преку обезбедување на насоки кои го определуваат извршувањето на задачите на работните групи наведени во член 13 од оваа одлука;
- утврдува временска рамка и методологија за подготовка на НПАА;
- врши контрола на квалитетот на добиените материјали од работните групи и во соработка со работните групи, врши корекција на нивната содржина;
- ја пропишува процедурата за чување и ја чува целокупната документација подготвена од страна на работните групи во електронска форма;
- врши консултација со донаторите во врска со планирањето и спроведувањето на странска помош за поддршка на приоритетите на НПАА;
- дава мислење по усогласеноста на приоритетите на НПАА со националните стратешки програми и
- врши и други работи неопходни за исполнување на задачите во врска со пристапните преговори.

**Средства за работа**

Член 21

(1) Средствата за работа на Групата за преговори се обезбедуваат од буџетот на Секретаријатот за европски прашања, а средствата за работа на членовите на останатите тела на Структура за преговори се на товар на буџетскиот корисник каде тој член е во работен однос.

(2) Средствата за покривање на трошоците на лицата од член 7 ставови (10) и (11) од оваа одлука, ги обезбедува Секретаријатот за европски прашања.

(3) На членовите на работните групи им се исплаќа паричен надоместок за нивната работа во работната група, согласно закон.

Член 22

При воспоставувањето на Структурата за преговори се почитува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, врз основа на начелата на стручност и компетентност.

Член 23

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за формирање на Комитет за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.159/19), Одлуката за формирање на Државна делегација за преговори за пристапување пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.159/19), Одлуката за вршење на работи за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.159/19), Одлуката за формирање на Група за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.159/19), Одлуката за формирање на Канцеларија на Главниот технички преговарач за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.159/19), Одлуката за формирање на Работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 159/19) и Одлуката за формирање на Работен комитет за европска интеграција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.159/19).

Член 24

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7656/1
5 септември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.